ВО КИЦ ИЗЛОЖЕНИ НАЈДОБРИТЕ АРХИТЕКТОНСКИ РЕШЕНИЈА

# Новите објекти на Драмски и МНТ - репрезентативни и функционални

Tweet
Like 0 Share
6 април 2009 - 15:54

Во Културно-информативниот центар од вчера се изложени наградените трудови од конкурсот за најдобро идејно и архитектонско решение за новите објекти на Драмскиот театар и МНТ, кои треба да се градат на нивните сегашни локации

Архитектите Минас Бакалчев и Митко Хаџи-Пуља, со соработниците Саша Тасиќ, Бетим Зекири, Бесијан Мехмети и Никола Стрезовски ја добија првата награда за објектот на МНТ - Центар. Нивниот труд е награден со паричен износ од 400.000 денари. Според комисијата овој труд се издвојува од преостанатите по инвентивноста, транспарентното обликување на просторот, пристапноста на објектот и начинот на кој е решено надворешното фасадно обликување.
Според замислата на авторите, МНТ ќе биде сместен во комплексен мултифункционален објект со повеќе содржини, меѓу кои и канцеларии за активности од областа на културата и образованието, студентското домување и деловен простор. Театарот во рамките на новиот објект ќе има две сцени, главна, со капацитет од 500 гледачи и мала сцена, која ќе може да прими 120 гледачи.

Сумата од 200.000 денари за откуп, пак, е распределена по 100.000 на два проекта кои биле близу до барањата.

Едниот откуп е решението на Виктор Михајлов, а вториот на петте автори: Маја Лукаревска, Митко Доновски, Гоце Глигоров, Дарко Запатовски и Ѓорѓи Лазовски.
Првата награда за Драмски театар во износ од 400.000 денари, како што е веќе познато, ја добија архитектите Емил Јегени, Елена Икономов, Јасна Милојковиќ, Биљана Стојменовска со соработниците Веле Богоевски и Никола Томевски.

Овој труд се издвојува од преостанатите поради рационалната организација на функционалните групи во рамките на комплексната програма и впечатливото надворешно обликување.
Театарот, според проектот, ќе биде вклопен во мултифункционален деловен центар, кој ќе биде висок максимум 30 метри. Театарот ќе зафаќа 20 отсто од вкупниот простор на објектот и површина од околу 4000 квадратни метри. Предвидени се голема и мала сцена со 350 седишта за гледачи во партер и 150 места во галерија.

Од Министерството за култура, потенцираат дека финансирањето на изградбата на објектите ќе се врши преку јавно-приватно партнерство.
-Тоа ќе бидат репрезентативни места за подигање на нивото на културата. Со подобри услови за работа на уметниците, што пак треба да доведе до поголема театарска продукција, велат во Министерството.

***Даниела ТРАЈКОВСКА***
***Фото: Н. Батев***

Like Share Be the first of your friends to like this.
веста е прочитана 2 пати

# Поврзани



[„Сан“: Бекам преговара за патување во вселената]()



[Елка од мермерен под до плафон: Погледајте ја новогодишна декорација во семејната куќа на вереницата на Вељко Ражнатовиќ (фото)]()



[Скандал на снимање на "Ѕвездите на Гранд: Карлеуша и се развикала на Снежана Ѓуришиќ (видео)]()